Macedonian/Македонски

# Вашиот официјален водич
## за сојузните избори 2019

**САБОТА, 18 МАЈ 2019**




**Гласањето е задолжително за сите австралиските државјани над 18 години**

Изборите ќе се одржат во сабота, 18 мај 2019. Гласачките места ќе бидат отворени за гласање од 8 ч. наутро и ќе затворат точно во 6 ч. попладне.

## Каде можам да гласам?

Можете да гласате на било кое гласачко место во вашата држава или територија на денот на гласањето.

Гласачките места обично се наоѓаат во локалните училишта, цркви и сали во заедницата, или во јавни згради.

За да дознаете каде се наоѓа најблиското гласачко место до вас, посетете ги Интернет страниците **www.aec.gov.au/where**. Поединости за гласачките места исто така ќе бидат објавени во весниците во големите градови дента пред изборите.

Можете да проверете како се оценува пристапливоста до гласачките места, како и да дознаете поединости за нив на **www.aec.gov.au/where**.

За тоа како може да гласаат слепи лица или лица со слаб вид, ве молиме јавете се на 13 23 26.

Ако на денот на изборите се наоѓате во друга држава, тогаш ќе можете да гласате во назначен центар за гласање во таа држава или размислете за можностите за предвремено гласање.

## Што да правам ако не можам да гласам на денот на изборите?

Ако на денот на изборите не можете да отидете да гласате на гласачкото место во вашата држава или територија, можеби ќе имате право да гласате предвремено, било лично или преку пошта.

### Како можете лично да гласате предвреме

Пред денот на изборите, можете да гласате во центар за предвремено гласање, кај подвижна екипа за гласање или во австралиски центар за гласање во странство.

Центрите за предвремено гласање ќе бидат отворени во **понеделник, 29 април 2019.** Центрите се отворени на различни датуми и во различно време, затоа посетете ги Интернет страниците **www.aec.gov.au/where** што ќе можете да ги проверите поединостите за секој центар за предвремено гласање.

За повеќе информации, вклучувајќи дали имате право да гласате предвремено, посетете ги Интернет страниците **www.aec.gov.au** или телефонирајте на 13 23 26.

### Како можете да гласате предвремено преку пошта

Ако имате право да гласате предвремено преку пошта, можете да поднесете молба на Интернет страниците **www.aec.gov.au/pva**. Формуларите исто така може да се добијат во било која канцеларија на AEC. Испратете го вашиот формулар до колку што можете поскоро за да можеме да го добиеме најкасно до **6 ч. попладне, среда, 15 мај 2019**.

## Дали се измени мојата изборна единица?

Сега има 151 изборни единици (вклучувајќи две нови единици). Некои изборни единици добија нови имиња и границите каде многу од нив се наоѓаат се изменети од последните сојузни избори.

Проверете во која изборна единица живеете на **www.aec.gov.au/electorate**.

## Одлуката за кој ќе гласате е ваша

Пред гласачкото место, претставници на кандидатите може да ви понудат картички за тоа како да гласате, упатувајќи ве да гласате на одреден начин. Не сте обврзани да ги земете овие картички или да ги следите упатствата на нив.

# Што треба да направите за да важи вашиот глас

На денот на изборите, ќе добиете **два гласачки листови**:

- зелен лист за Претставничкиот дом (House of Representatives) и
- бел лист за Сенатот (Senate).

Мора да ги пополнете двата гласачки листови.

На зелениот гласачки лист гласате за пратеник од вашата локална област или изборна единица во Претставничкиот дом.

На белиот гласачки лист гласате за пратеници од вашата држава или територија во Сенатот.

**Не се грижете ако направите грешка. Можете да побарате друг гласачки лист и да започнете одново.**

Дали знаевте дека можете да вежбате како да гласате на Интернет страниците на AEC? Отидете на **www.aec.gov.au/practise-voting**

## Претставнички дом

На зелениот гласачки лист мора да ставите број во **секое квадратче** според редослед по ваш избор.


House of Representatives
Ballot Paper

OFFICIAL USE ONLY

State
**Electoral Division of Division Name**

**Number the boxes from 1 to 8 in the order of your choice**

| | | |
|---|---|---|
| | 2 | SURNAME, Given Names<br>INDEPENDENT |
| LOGO | 3 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 7 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 4 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| | 1 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 5 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 6 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 8 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |

**Remember... number every box to make your vote count**

SAMPLE

Примерок на гласачки лист

## Сенат

На белиот гласачки лист, имате избор да гласате на два начини:

**ИЛИ**

### Над линијата

Ако изберете да гласате над линијата, ќе треба да **ставите броеви во најмалку 6 квадратчиња**.

Напишете го бројот ‘1’ во квадратчето за партијата или групата за која најповеќе сакате да гласате, бројот ‘2’ за партијата или групата која е втора по ваш избор и истото направете го додека не напишете броеви во најмалку 6 квадратчиња. Можете да продолжете да ставате броеви по редослед по ваш избор во толку квадратчиња над линијата колку што сакате.




**ИЛИ**

### Под линијата

Ако изберете да гласате под линијата, треба **да ставите броеви во најмалку 12 квадратчиња**, од 1 до 12, за поединечни кандидати по редослед по ваш избор. Можете да продолжете да ставате броеви по редослед по ваш избор во толку квадратчиња под линијата колку што сакате.




Примерок на гласачки лист

**Не се грижете ако направите грешка. Можете да побарате друг гласачки лист и да започнете одново.**

Дали знаевте дека можете да вежбате како да гласате на Интернет страниците на АЕС?
Отидете на **www.aec.gov.au/practise-voting**

## Што ќе се случи на гласачкото место?

1. Службеник за гласање ќе ве праша да му/и го кажете вашето име и презиме, адресата на која живеете и дали веќе сте гласале на овие избори. Тој/таа ќе го штиклира вашето име во избирачкиот список.



2. Службеникот ќе ви даде два гласачки листови – зелен лист за Претставничкиот дом и бел лист за Сенатот.



3. **Треба внимателно да ги прочитате упатствата на двата гласачки листови.** Ако не сте сигурни што треба да правите, замолете го службеникот за гласање да ви помогне.



4. Откако ќе ги пополнете гласачките листови, свиткајте ги и ставете ги во соодветните гласачки кутии.

## Други верзии на овој водич

Можете да го преземете овој водич во други верзии, на пример, аудио верзија и верзија отпечатена со големи печатни букви од **www.aec.gov.au**. Исто така може да добиете верзија отпечатена со Браилова азбука, ако ја побарате на 13 23 26.

Ако сте глуви или имате оштетен слух или говор, контактирајте не преку National Relay Service:

- Корисниците на TTY треба да телефонираат на 13 36 77 и да го побараат бројот 13 23 26.
- Корисниците на Speak and Listen треба да телефонираат на 1300 555 727 и да го побараат бројот 13 23 26.
- Корисниците на Internet relay треба да се поврзат на NRS и потоа да го побараат бројот 13 23 26.

### Информации на други јазици

Преведени верзии на овој водич може да се преземат од **www.aec.gov.au/translated**.

### Телефонски преведувачки услуги

За информации во врска со гласање и изборите на македонски јазик, телефонирајте на 1300 720 139.

Гласањето е задолжително за австралиските жители над 18 години. Ако не гласате, тогаш може да ве казнат.

Ако гласате повеќе пати, правите кривичен престап.

17_0919



Authorised by the Electoral Commissioner, Canberra.